Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 86, 15 август 2012 година

август 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скриптата „Општо градинарство” поднесен од авторот проф. д-р Милан Ѓеоргиевски од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 6

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТАТА „ОПШТО ГРАДИНАРСТВО" ПОДНЕСЕН ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р МИЛАН ЃЕОРГИЕВСКИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, бр.1802-91/7 од 6 април 2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љупчо Михајлов, редовен професор на Земјоделскиот факултет и д-р Душан Спасов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, со задача да изготват писмен извештај-рецензија на ракописот за скриптата „Општо градинарство", поднесен од авторот проф. д-р Милан Ѓеорѓиевски од Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав по добивањето на материјалот и по деталното прегледување го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Добиениот материјал во форма на ракопис, изработен на компјутер и отпечатен на ласерски печатач, има вкупен обем од 80 страници, во кои се инкорпорирани 20 табели. Насловот на ракописот за скриптата е „Општо градинарство" и соодветствува со дел од материјалот за предметот Градинарство и цвеќарство, кој во наставните планови и програми се предава во V семестар на Општата насока. Предметот според Наставната програма на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се слуша во V семестар со фонд на часови 2+2+1 или вкупно 152 наставни часа. Автор на ракописот е доц. д-р Милан Ѓеоргиевски. Структурата на ракописот, со стрикно придржување на наставната програма, како можно основно учебно помагало за наведениот предмет, многу ќе ја олесни подготовката на студентите за испит и проверка на добиените сознанија при изучување на наставната содржина на предметот.

Материјалот е презентиран во девет поглавја, пет потпоглавја или поглавја од втор ред и 10 поглавја од трет ред: **1. Вовед, 2. Значење на зеленчукот во исхраната, 3. Состојби и развој во градинарството, 4. Градинарски реони во Р. Македонија, 5. Услови за одгледување на зеленчук** (во чии рамки се обработени две поглавја од втор и две поглавја од трет ред), **6. Агротехнички мерки во производството на зеленчук** (во чии рамки се обработени две поглавја од втор и осум поглавја од трет ред), **7. Берба, пакување и транспорт на зеленчукот, 8. Чување на зеленчукот** и **9. Литература.**

Во **Воведот** авторот објаснува дека општото градинарство е дел од општиот предмет Градинарство, кој како гранка на растителното производство, го опфаќа изучувањето и производството на една специфична група растенија кои ги нарекуваме зеленчукови растенија или зеленчук. Во натамошниот текст се објаснува дека материјата што ја изучува предметот Општо градинарство е база за надградба на материите што се изучуваат во предметите: Специјално градинарство, Зеленчуково семепроизводство и др. Притоа се нагласува дека во многу земји градинарството и денес се изучува во рамките на хортикултурите, но пред сè таму каде е изразен бавчаванџискиот начин на одгледување на зеленчукот, односно таму каде што зеленчукот се одгледува заедно со овошјето и цвеќето. Меѓутоа, развојот на индустрискиот начин на одгледување на зеленчук на поголеми површини ја исклучува можноста за одгледување зеленчук со некои други растителни видови. Затоа авторот вели дека денес градинарството кај нас се изучува како посебна дисциплина, а во производството тоа е, најчесто, комбинирано полједелско-градинарско производство или чисто градинарско производство.

Во **Значењето на зеленчукот во исхраната** авторот нагласува дека богатството со хранливи и други биолошки активни (заштитни) материи го прават зеленчукот значаен во исхраната на луѓето, бидејќи тој обезбедува околу 12% енергетска вредност во дневниот

оброк на човекот. Понатаму тој вели дека покрај многубројните корисни материи, зеленчукот содржи и некои штетни материи, на чие присуство во најново време му се продава сè поголемо значење. Тоа, во прв ред, се однесува на присуството на оксалатите и нитратите, кои во човечкиот организам, ензимски и микробиолошки, многу лесно се трансформираат во штетни нитрати (дозволените гранични количини на нитрати во храната се регулирани со законски прописи). Меѓутоа, без оглед на тоа што зеленчукот понекогаш може да содржи $NO_{3,}$ неговиот штетен ефект е мал, поради содржината на витамини и ензими (што ги содржи зеленчукот) во однос на нитратите што ги содржи водата и преработките. Понатаму авторот вели дека посебно значење имаат фитохемиските карактеристики на зеленчукот кои го смалуваат ризикот од малигни заболувања, заболувања на крвните садови и срцето, поради што зеленчукот добива значење како лек, односно како лековито средство. Во последно време се познати и алтернативни терапии (исхрана со свеж зеленчук и овошје) во лечењето на некои малигни заболувања.

Во поглавјето **Состојби и развој во градинарството** е даден подетален опис на досегашната состојба во градинарското производство, велејќи дека високите приноси и органолептичкиот квалитет на зеленчукот бараат употреба на големи количини на минерални ѓубрива и пестициди што заедно со другите чинители доведоа до нарушување на агроекосистемот и животната средина. Всушност така започнува развојот на еколошките технологии кои ја опфаќаат ревитализацијата на сегашните технологии на одгледување, со посебен осврт на повторното воведување на основните агротехнички марки, како што се плодоредот, органските ѓубриња, контролирањето на плодноста на почвата и ѓубрењето врз база на добиените почвени резултати, избор на помалку токсични пестициди кои брзо се разлагаат и на крај примена на техника и орудија кои одговараат за таа работа. Всушност авторот вели дека неизбежно е контролираното конвенционално производство т.е. преминот кон интегрално производство на зеленчук, каде што јасно се пропишани правилата на примена на агротехничките мерки за одреден реон и вид зеленчук, при што сите мерки треба да бидат интегрирани со технологијата на производство т.е. со контролираното органско производство.

Во четвртото поглавје **Градинарски реони во Р. Македонија,** врз основа на климатско-вегетациските почвени подрачја се дадени можностите за интензивно искористување на површините за рано, среднорано и доцно производство на градинарски култури во Р. Македонија.

Во поглавјето **Услови за одгледување на зеленчук** авторот нагласува дека за виреењето на зеленчуковите посеви, односно за постигнување на одредени ефекти – еднакво се важни сите групи на услови. Затоа и организацијата на градинарското производство е мошне сложена. Во понатамошниот текст се обработени земјишните и климатските услови (земјиште, топлина, светлина, вода, воздух и др.) кои имат влијание врз одгледувањето на зеленчукот и според неговите потреби за тие фактори (топлина, светлина и сл.) е извршено групирање на градинарските култури по групи.

Во поглавјето насловено како **Агротехнички мерки во производството на зеленчук** се наведува дека во производството на зеленчук се применуваат: општи, специјални и специфични агротехнички мерки. Авторот вели дека општите агротехнички мерки во градинарското производство се применуваат според истите принципи и цели, како и во полјоделското производство, поради што во општото градинарство дава само некои, пред сè**,** специфични карактеристики на одгледување на градинарските култури на: рамна површина, високи леи, ниски леи, тави, бразди и гредици.

Во понатамошниот текст авторот го објаснува ѓубрењето како агротехничка мерка, со која во почвата во вид на ѓубрива се внесуваат материи со органски или минерален состав коишто ја збогатуваат почвата со хранливи елементи достапни за растенијата што им служат како храна и ја зголемуваат плодноста на почвата.

Понатаму авторот објаснува дека плодоредот во потесна смисла на зборот претставува однапред планирана смена – ротација на посевите, во време и простор. Во поширока смисла плодоредот ја сочинува базата на растителното производство, со што се вклопуваат односите помеѓу производните гранки и одделни култури: обработка, ѓубрење и др. На тој начин плодоредот претставува систем на искористување на земјоделските површини кој во последно време е неминовен за добивање на здрав и безбеден производ.

Во поглавјето од трет ред – сеидба и садење е објаснето размножувањето на градинарските растенија, односно одгледувањето на зеленчук со семе и вегетативен сеидбен/саден материјал. Во однос на специјалните агротехнички мерки, авторот пишува дека тие се карактеристични само за определен број видови кои го опфаќаат: производството на расад, наводнувањето, мулчирањето на почвата, заштитата (од болести, штетници и плевели), заштита од ниски и високи температури и сл.

Во седмото поглавје **Берба, пакување и транспорт на зеленчукот** се нагласува дека за правилна и ефикасна берба многу е важно да има добра организираност на производните површини под зеленчук. Организираноста зависи од големината на парцелите, системот за наводнување и патната мрежа внатре во полето, бидејќи таа треба да овозможи ефикасен и економичен транспорт. Бидејќи внатре, во едно поле, растојанието помеѓу внатрешните патишта зависи од начинот на бербата (механизирана или рачна). Што се однесува до времето на бербата, таа зависи од видот, сортата, од можностите за дозревање и од оддалеченоста на пазарот – должината на транспортот. Без оглед на начинот на бербата, зеленчукот е наменет за пазарот и затоа треба да биде здрав, неоштетен и чист. Таквиот зеленчук се сортира и пакува во амбалажа која му одговара. Амбалажата треба да биде посебна за берба транспорт и пазар.

Во осмото поглавје **чување на зеленчукот с**е објаснети начините на чување, почнувајќи од домаќинствата па завршувајќи на најсовремените спремишта и ладилници, а сите тие се потпираат на регулирање на условите на чување.

На крајот од ракописот е наведена литературата од 18 автори или група на автори, која е користена при пишувањето на скриптата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од досега изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Љупчо Михајлов и доц. д-р Душан Спасов констатира дека ракописот за скриптата „Општо градинатство“ поднесен од авторот доц. д-р Милан Ѓеорѓиевски е пишуван наменски и по одредена програмска шема. Оваа комплексна проблематика, која се однесува на дел од градинарското производство, авторот успеал во добар дел да ја доведе на ниво достапно и разбирливо за студентите за кои е наменета. Материјата опфатена во ракописот е добро конструирана, а приложените табели имаат лесна координација со основниот текст. Авторот, според сите потребни методолошки елементи, успеал да подготви концизна и опфатна скрипта што ја третира материјата од областа. На крајот, Комисијата има посебна чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет позитивно да го прифати рецензираниот ракопис за скриптата „Општо градинарство“ од авторот доц. д-р Милан Ѓеорѓиевски, за користење како основна скрипта и изврши соодветно издавање, како и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип ракописот да го прифати како универзитетска скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љупчо Михајлов, редовен професор. с.р.**
**Д-р Душан Спасов, доцент, с.р.**